# Ланзароте и Фуервентура Авантура

## 31. август 2026. - 9. септември 2026.
## 10 дена - 8 ноќи

**Ланзароте и Фуертевентура** – вулкани, Атлантик и нереална природа на Канарските Острови!

Замислете патување каде што црните вулкански пејзажи се среќаваат со златни песочни плажи, а моќта на Атлантикот создава сцени како од друг свет. Ве носиме на незаборавна авантура на Канарските Острови – едно од најфасцинантните места во Европа. Ова 10-дневно патување со авион вклучува истражување на два сосема различни шпански острови: Ланзароте и Фуертевентура.

Нашата авантура започнува на Ланзароте, остров на вулкани, црни пејзажи и уметност совршено вклопена во природата. За време на патувањето ги запознаваме спектакуларните пејзажи на Националниот парк Тиманфаја, шармантни приморски места и делата на легендарниот уметник Сесар Манрике, кој оставил огромен белег на островот.

Потоа со траект преминуваме на Фуертевентура – остров кој е сосема поинаков: огромни песочни дини, долги плажи и чувство на слобода кое тешко се опишува додека не се доживее.

Ова патување претставува совршена комбинација од авантура низ вулкански пејзажи, опуштање на некои од најубавите плажи на Атлантикот, истражување на природата и локалната култура, како и дружење и уникатна атмосфера по која ваквите патувања се препознатливи.

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанок на патниците на аеродромот во Скопје. Лет од Скопје до Ланзароте со преседнување во Цирих.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Цирих, во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Скопје, Цирих

**Ден 2: Пристигнување во Ланзароте**

Пристигнуваме во Ланзароте. Имаме организиран трансфер од аеродром до сместувањето. Се сместуваме и уживаме ***Ноќевање.***

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Цирих- Ланзароте, во економска класа со вклучен багаж
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
Hotel Checkin Diamar **(1 ноќ)**

**Место**
Ланзароте

**Ден 3: Факултативен излет -- Плажи на јужниот брег на Ланзароте**

По појадокот се упатуваме кон јужниот дел од островот за да го поминеме денот уживајќи на плажите. Денот го започнуваме со посета на прекрасните плажи Мухерес и Фламинго, познати по нивниот фин песок и тиркизно море. Продолжуваме кон шармантното гратче Плаја Бланка, каде што го поминуваме остатокот од денот, уживајќи во погледот на зајдисонцето, по што се враќаме во нашето сместување. ***Ноќевање***.

**Сместување**
Hotel Checkin Diamar **(1 ноќ)**

**Место**
Ланзароте

**Факултативни излети**
Плажи на јужниот брег на Ланзароте

**Ден 4: Факултативен излет -- Наследството на César Manrique**

По појадокот тргнуваме по рутата на Сезар Манрике. Ги истражуваме неговите уметнички и архитектонски дела, вклучувајќи го и необичниот Музеј Лагомар и неговата фондација. Турата продолжува низ Музејот на кампесино и завршува во фасцинантна градина со кактуси. ***Ноќевање***.

**Сместување**
Hotel Checkin Diamar **(1 ноќ)**

**Место**
Ланзароте

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Наследството на César Manrique

**Ден 5: Трансфер до Фуертевентура**

Го напуштаме сместувањето и имаме трансфер од хотелот до пристаништето. Се возиме со траект до соседниот остров Фуертевентура и се сместуваме во хотел по пристигнувањето. ***Ноќевање***.

**Превоз**
Трансфер од сместувањето до пристаниште
Тракет до Фуертвентура
Трансфер од пристаниште до сместување

**Сместување**
Hotel Bakour Fuertventura La Pared **(1 ноќ)**

**Место**
Фуертевентура

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 6: Факултативен излет -- Дините Коралеха**

По појадокот го напуштаме сместувањето и се упатуваме кон северниот дел од островот. Денот е резервиран за посета на живописниот град Коралехо и неговите познати песочни дини кои наликуваат на пустина. Слободно време за уживање во природата и фотографирање на уникатниот пејзаж. Враќање во сместувањето и време за одмор и релаксација. ***Ноќевање***.

**Сместување**
Hotel Bakour Fuertventura La Pared **(1 ноќ)**

**Место**
Фуертевентура

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Дините Коралеха

**Ден 7: Факултативен излет -- Дивата убавина на Кофете**

Денот е резервиран за обиколка на јужниот дел од островот и полуостровот Џандија, познат по својата недопрена природа. Посебно искуство е дивата и спектакуларна плажа Кофете, каде што го поминуваме остатокот од денот. Враќање во сместувањето. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Hotel Bakour Fuertventura La Pared **(1 ноќ)**

**Место**
Фуертевентура

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Дивата убавина на Кофете

**Ден 8: Факултативен излет --Вулкан и зајдисонце во Ел Котиљо**

По појадокот тргнуваме на уште една вулканска тура од ова патување. Ќе се искачиме на вулканот Калдерон Хондо, кој нуди фантастичен поглед на островот. Денот го завршуваме во Ел Котиљо со прекрасен зајдисонце на брегот на океанот. Враќање во сместувањето и си уживаме. ***Ноќевање***.

**Сместување**
Hotel Bakour Fuertventura La Pared **(1 ноќ)**

**Место**
Фуертевентура

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Вулканот Calderón Hondo и зајдисонце во Ел Котиљо

**Ден 9: Трансфер до Ланзароте**

По појадокот го напуштаме на сместувањето и се враќаме со траект до Ланзароте. Имаме трансфер од пристаништето до хотелот и имаме слободно време за релаксација и уживање на плажа. ***Ноќевање***.

**Превоз**
Трансфер од сместувањето до пристаниште
Тракет од Фуертавентура до Ланзароте
Трансфер од пристаниште до сместување

**Сместување**
Hotel Checkin Diamar **(1 ноќ)**

**Место**
Фуертевентура, Ланзароте

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 10: Враќање и крај на патувањето**

По појадокот го напуштаме сместувањето и се упатуваме кон аеродромот. Лет од Ланзароте до Скопје со преседнување во Цирих. Пристигнување во Скопје. Крај на патувањето.

**Превоз**

Трансфер од сместувањето до аеродром
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Ланзароте-Цирих во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Цирих -Скопје во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Ланзароте, Цирих, Скопје

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Цени и услови**

| **Што е вклучено** |
| --- |
| Регуларна цена<br>**1.199,00** EUR |
| **ПРОМО ПОПУСТ!**<br>Попустот важи **за првите 4 пријави!**<br>**999,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Индивидуални трошоци за времетраење на аранжманот
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Туристичка такса од 2-5 американски долари по лице, по ноќ ( и истата ја плаќа секој патник во хотелот на рецепција )

Сите уплати се вршат исклучиво во денарска противредност по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€.** Преостанатиот дел се плаќа најдоцна **40 дена пред поаѓање.**

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скенирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не сноси одговорност. Пријавата е валидна единствено со уплаќање на аванс.

Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура), и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

**Факултативни излети**

**Плажи на јужниот брег на Ланзароте**

**Цена**: **50,00** EUR

По појадокот се упатуваме кон југозападниот брег на островот, каде што нѐ очекуваат две од најубавите плажи на Ланзароте – Playa de las Mujeres и Playa Flamingo. Овие мирни заливи воодушевуваат со златен, фин песок и тиркизно море кое, благодарение на природната заштита, речиси секогаш е мирно, што ги прави совршено место за опуштање, капење и уживање во вистинска канарска атмосфера. Опкружени со вулкански пејзажи карактеристични за Ланзароте, плажите нудат фантастични глетки и се идеални за фотографирање незаборавни моменти.

По уживањето на брегот, продолжуваме кон шармантното приморско место Playa Blanca, едно од најубавите и најживописните летувалишта на југот од островот. Некогаш мало рибарско село, денес Playa Blanca е позната по својата елегантна променада покрај морето, бројните кафулиња, ресторани и опуштената медитеранска атмосфера. Тука ќе го поминеме остатокот од денот во лежерен ритам – со прошетка покрај брегот, уживање во погледот кон Атлантскиот Океан и блискиот остров Фуертевентура или едноставно одмор на сонце.

Планирана е и пауза за ручек во еден од локалните ресторани каде што можете да пробате свежи морски специјалитети и традиционални канарски јадења, со прекрасен поглед кон морето и марината.

Враќањето во хотелот е планирано во попладневните часови, по ден исполнет со море, сонце и автентична атмосфера на југот од Ланзароте – совршен крај на едно релаксирачко патување на островот на вечната пролет.

**Наследството на César Manrique**

**Цена**: **70,00** EUR

Факултативниот излет го започнуваме по појадокот и го посветуваме на уникатното творештво на уметникот и архитект Сесар Манрике, чии идеи го обликуваа современиот идентитет на Ланзароте и совршено ги спојија уметноста, природата и архитектурата на островот.

Најпрво го посетуваме необичниот Museo Lagomar, импресивен објект сместен меѓу вулкански карпи и пештери, кој изгледа како да израснал од самата лава. Овој фасцинантен комплекс со тераси, премини и скриени агли нуди посебен увид во креативната архитектура карактеристична за островот, како и спектакуларни глетки

што ги воодушевуваат посетителите.

Продолжуваме кон Fundación César Manrique, поранешниот дом на овој уметник, изграден во рамките на природни вулкански меури од лава. Тука ќе се запознаеме со неговиот живот, визија и филозофија за зачувување на природниот пејзаж на Ланзароте, како и со начинот на кој ја споил уметноста со природната средина.

Обиколката потоа нѐ води до автентичниот комплекс Casa Museo del Campesino, посветен на традиционалниот начин на живот на островот. Тука ќе откриеме интересни детали за локалната култура, земјоделството и архитектурата, во пријатна атмосфера типична за Канарските Острови. Планирана е и пауза за ручек – идеална можност за одмор и уживање во локалните специјалитети.

На крајот од денот го посетуваме фасцинантниот Jardín de Cactus, уникатна градина која претставува едно од последните големи дела на Манрике. Во овој импресивен простор се наоѓа богата колекција на кактуси од различни делови на светот, совршено вклопена во вулканскиот пејзаж на островот и обликувана во хармоничен спој на природата и дизајнот.

Враќањето во хотелот е планирано во попладневните часови, по ден исполнет со уметност, архитектура и автентична приказна за Ланзароте – остров кој, благодарение на визијата на Сесар Манрике, ја зачувал својата единствена убавина.

**Дините Коралеха**

**Цена**: **50,00** EUR

Го истражуваме живописното место Коралехо - популарно летувалиште на северот од островот, познато по својата опуштена атмосфера, шармантната променада и прекрасните плажи свртени кон Атлантскиот Океан. Ова некогашно рибарско село денес е едно од најатрактивните места на островот, каде природната убавина совршено се вклопува со пријатниот туристички амбиент.

Во склоп на излетот ги посетуваме спектакуларните песочни дини во рамките на Parque Natural de Corralejo, едно од најпознатите природни подрачја на Канарските Острови. Пространите дини од златен песок, кои се протегаат долж брегот, создаваат пејзаж налик на вистинска пустина и се во силен контраст со тиркизното море и темните вулкански планини во далечината. Овој уникатен призор нуди фантастични можности за фотографирање и уживање во природата.

Слободно време е предвидено за лесна прошетка низ овој импресивен природен резерват, опуштање на плажа или едноставно уживање во тишината и убавината на пејзажот.

Враќањето во сместувањето е планирано во попладневните часови, по ден исполнет со природни убавини, златни дини и глетки што го прават северот на Фуертевентура едно од најфотогеничните места на Канарскиот архипелаг.

**Дивата убавина на Кофете**

**Цена**: **65,00** EUR

Овој ден го истражуваме јужниот дел од островот и импресивниот полуостров Хандија (Jandía Peninsula), едно од најспектакуларните и најзачуваните подрачја на Фуертевентура. Во текот на возењето минуваме низ сурови и автентични предели кои ја откриваат дивата страна на островот – планински падини, пустински пејзажи и видиковци од кои се пружаат незаборавни погледи кон Атлантскиот Океан.

Посебен врв на излетот претставува пристигнувањето на познатата плажа Кофете (Cofete Beach), една од најимпресивните и најфотогеничните плажи на Канарските Острови. Оваа пространа, речиси нереална плажа долга неколку километри, опкружена со драматичен планински масив и дивите бранови на Атлантикот, остава силен впечаток кај секој посетител. Поради својата изолираност и недопрена природа, Кофете нуди чувство на целосна слобода и уникатно доживување на природата во нејзиниот најчист облик.

Тука го поминуваме поголемиот дел од денот со слободно време за прошетка покрај брегот, фотографирање на спектакуларните пејзажи и уживање во посебната атмосфера на ова место, кое многумина го сметаат за еден од скриените бисери на островот.

Враќањето во сместувањето е планирано во попладневните часови, по ден исполнет со импресивни глетки и откривање на една од најубавите и најавтентичните природни локации на Фуертевентура.

**Вулканот Calderón Hondo и зајдисонце во Ел Котиљо**

**Цена**: **65,00** EUR

Го посетуваме вулканот Калдерон Хондо (Calderón Hondo), едно од најубавите видиковци на северот од островот. До врвот пристигнуваме со пријатна и лесна прошетка по патека што води низ автентичен вулкански пејзаж. Од работ на кратерот се отвора спектакуларен панорамски поглед кон северот на Фуертевентура, околните вулкански куполи и бескрајниот хоризонт на Атлантскиот Океан – совршено место за фотографии и уживање во уникатната природа на островот.

Правиме пауза,се опуштаме и да ги сумираме впечатоците од овој импресивен природен локалитет.

Денот го продолжуваме во шармантното приморско место Ел Котиљо (El Cotillo), познато по своите прекрасни лагуни, светол песок и опуштена атмосфера типична за помалите канарски места. Ова некогашно рибарско село денес е омилено меѓу посетителите кои бараат автентичен амбиент, прекрасни плажи и мирен ритам покрај океанот.

Излетот го завршуваме со прекрасно зајдисонце на брегот на Атлантикот – момент кога небото и морето се прелеваат во топли бои и создаваат незаборавна атмосфера. По ова посебно доживување следува враќање во сместувањето, исполнети со впечатоци од уште еден ден на откривање на природните убавини на Фуертевентура.

**Сместување**

**Hotel Checkin Diamar** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелот Checkin Diamar е сместувачки објект со 3* по локална категоризација. Сместен во Арефиче, Ланзароте на плажата Playa del Reducto , хотелот располага со споствен ресторан, бесплатен интернет низ цел хотел, кафетерија.

*Услугата е на база ноќевање со појадок.*

**Сајт**
https://www.checkinhotels.com/en/our-hotels/checkin-diamar

**Адреса**
Av. Fred Olsen
8
35500 Arrecife
Lanzarote (Las Palmas)

**Hotel Bakour Fuertventura La Pared** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелот Bakour Fuertventura La Pared е сместувачки објект со 4* по локална категоризација. Сместен во Фуертевентура на сама плажа, хотелот располага со ресторан, базен, теретана, јога студио, тениско игралиште. Се сместуваме во двокреветни соби со сопствен тоалет, клима уред, телевизор, фен, бесплатен интернет.

*Услугата е на база ноќевање со појадок.*

**Сајт**
https://www.bakourhotels.com/en/our-hotels/bakour-fuerteventura-la-pared

**Адреса**
Av. del Istmo
6
35627
La Pared
Las Palmas

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Цирих**

Швајцарска елеганција и прецизност, започнува од Банхофштрасе, улица која не води директно на езерото, па преку двете базилики Гросмунстер и Фраумустер, до ридот Лиденхоф со видиковец од каде се нуди фантастичен поглед на реката Лимат. Градот често се фали со кашкавалот, чоколадото и со часовниците, а најмногу со својата градска хигиена. Цирих во 2006 год. е прогласен за град со најквалитетни услови за живот во светот. Тој е најголемиот град во Швајцарија во кои живеат околу 1,3 милиони жители. Ќе ја посетиме најстарата црква во Швајцарија, црквата на Св. Петар од 9-ти век. Препорачиваме да се посети и пивницата „Zeughauskeller“ , некогашна фабрика за оружје, отворена 1927 год. во прав швајцарско-алпски амбиент.

**Ланзароте**

шпански остров

**Фуертевентура**

Фуертевентура е втор по големина остров во Канарските Острови

**Корисни информации**

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.

- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се појасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с□ треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не посеуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.